ПАТРИМОНИУМ.МК, година 16, број 21 / 2023
УДК: 2-545(38)
398.3:398.47(497.7)

Лидија КОВАЧЕВА
*Универзитет „Евро-Балкан“ Скопје*
kovachevalidija@gmail.com

# МАЃЕПСНИЦИТЕ ВО СТАРОГРЧКИОТ СВЕТ: ОД ТРАДИЦИЈА ДО РЕЦЕПЦИЈА ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА ТРАДИЦИЈА

**Клучни зборови***:* magoi, epodoi, goetes, pharmakeis, mantis

**Апстракт**: *Како и за повеќето антички народи, така и кај Старите Грци магијата претставувала нивна вродена имагинација, нешто што е јасно прикажано во изобилието од старогрчките митолошки прикази, литературата и уметноста. Овие извори даваат увид во разнообразјето на маѓепсниците, маѓесничките и магиските дејства кои ги практикувале во своите области, нивниот импакт врз старогрчките народни верувања и приемот на магијата во различните културни и временски периоди.*

*Традицијата и рецепцијата играат значајна улога во проучувањето на магијата и видовите маѓепсници и маѓеснички во класичниот период на територијата на Стара Грција. Тие претставуваат клучни фактори во толкувањата на еволуцијата на магиските пракси и верувањата во магиските дејства низ текот на времето. Несомнено е дека магиските традиции влечат длабоки корени во културните, религиозните и социјалните контексти на општествата од кои потекнуваат. Оттаму, целта на овој труд е да се даде увид во богатата палета на различните видови маѓепсници и маѓеснички кои делувале на територијата на Стара Грција во класичниот период, магиските пракси и традиции, нивното толкување, восприемање и препознавање на начините на кои тие еволуирале и се прилагодувале низ текот на времето. Рецепцијата на античките магиски пракси продолжува да влијае и денес, во модерното општество врз современиот окултизам, при што практичарите на магија често црпат од историските извори и ги прилагодуваат на денешните современи контексти.*

## Увод

Кога се говори за традицијата на магијата во класичниот свет, тогаш станува збор за широка палета на практики и верувања поврзани со натприродни дијанија и сили, магиски ритуали и дејствија исползувани од страна на различни видови маѓепсници и маѓеснички, распространети во различни култури низ историјата на човештвото. Иако, вообичаено, магиските традиции се пренесувале првично преку усна традиција, а потем и со пишани текстови, создавајќи чувство на легитимност и континуитет, сепак, во научните размисли овие традиции се или специфични за одреден регион, култура или религиозна група, или пак настанале под влијание на синкретизам, со комбинирани елементи од различни извори.

Сепак, несомнено е дека магиските традиции бележат континуитет уште од самата појавата на магијата, како религија создадена од страна на свештениците во светилиштата на древниот Исток[1] кај едно од многуте племиња во Месопотамија,[2] познато под името Маги. Па, оттаму, потекнуваат имињата *Magic, Mage, Magus,* а самиот збор *Magi (Magoi)* во Асирското и Бабилонското кралство означувал висок свештеник или „учен човек“. Нивната умешност била наречена *Magis* или *Magia,*[3] синоним за магија и маѓепсништво кој се употребува и денес, во современото општество. Потем, преку различни култури, египетската, старогрчката, римската, ранохристијанската и средновековната магиска традиција, магијата се развивала низ историјата на човештвото, сè до денешното современо општество и секој регион, култура или религиозна група се истакнувале со свои уникатни магиски симболи и ритуали, пракси и божества.

[1] Cumont, F. (1911) 185.
[2] Kasak, E., Veede, R. (2001) 8.
[3] Levi, E. (1922) 55.

Со развојот и проширувањето на хоризонтите на Класичните науки, постулатите на теми кои го опфаќаат нам непознатото, ирационалното, магиите и маѓепсниците, како дел од религиозните пракси на древните народи, се поставени во сферата на науките од класичниот свет. Така, денес, во современото општество, Класичните студии се поттикнати од рецепцијата, како главен начин на говорење за историјата и функцијата на класиците во минатото. Кога се говори за рецепција на магијата од класичниот свет, пред сè, се има предвид на кој начин магиските традиции и практики биле усвоени, приспособени и интегрирани во различни култури и низ различни временски периоди.[4]

Проучувањето на магијата, маѓепсниците и маѓесничките од класичниот свет на Старите Грци се темели врз широк спектар на извори, вклучувајќи пишани текстови, археолошки наоди и историски извештаи. Овие извори даваат увид во практиките на маѓесниците и маѓесничките, народните верувања и рецепцијата на магијата во различни културни и временски периоди. Во класичниот свет магија често се пренесувала преку различни форми на рецепција, што довело до еволуција и трансформација на овие традиции. Рецепцијата на магијата од класичниот свет поминува низ неколку фази: културна размена, каде под влијание на контактите помеѓу различните култури и магиските традиции дошло до размена на магиските знаења и пракси; синкретизам, односно, до мешање на магиските верувања и пракси и спојување на елементи од различни магиски традиции, од кои потем се создале нови, хибридни магиски пракси; адаптација кон новите системи на верување, преку усвојување нови религиозни или философски верувања и реинтерпретирање на магиските пракси во класичниот период, со цел нивно усогласување со новите погледи кон светот; културен контекст, бидејќи приемот на магиските традиции несомнено бил под големо влијание од специфичните културни, политички и социјални контексти на општеството што ги примало.

### Маѓепсниците во старогрчкиот свет

Класичниот период во Стара Грција се издвојува како период на бројни маѓепсници и маѓеснички, чии услуги ги исползувале, како обичните граѓани, така и аристократијата. Оттаму, во овој период мошне тешко може да се повлече линија меѓу религијата и празноверието. Празноверието не само што владеело со некултивираните обични граѓани, туку било во служба и на учените и богатите државници.[5]

Старите методи на дивинација, под влијание на религиите и магиите од Истокот, постепено биле потиснати во заборав и им отстапиле место на новите. Несомнено е дека магијата во класичниот свет на Старите Грци се формирала под влијание на многу фактори, меѓу кои од големо значење биле изворните митолошки учења и домородната култура, потоа религијата, празноверието и традицијата. Но, со текот на времето магијата кај Старите Грци во себе ги вклучувала и туѓите култури и традиции. Неспорно е подоцнежното огромно влијание на бабилонската, персиската и египетската култура, религија и магија, за кои сведочат бројните записи од Хераклит, Херодот, Плутарх, па дури и Солон своето образование го завршил во Египет. Изворите говорат за огромната счудоневиденост и одушевеност на Старите Грци од религиите од Истокот, така што дури и нивните најобични религиозни ритуали имале тенденција да ги воспpriемаат како магиски чинови.[6] Со текот на времето на територијата на Стара Грција, во магиските обреди дошло до зајмување на туѓи имиња, туѓи ритуали и нивни концепти, како една од главните концепции на античките маѓепсништва.

Грчки магиски папируси,[7] заедно со орфичките текстови во Дервенскиот папирус, преку серија трансформации, станале една од главните магиски доктрини кај Старите Грци. Тие се производ на доцната антика II-IV век, амалгам од повеќе култури. Грчки се викаат само заради јазикот, а не и заради грчката религија или Старите Грци. Кога во вториот дел од XIX-от век биле објавени главните магиски папируси, научниците сметале дека во нив не смее да се игнорира религиозниот тон, бидејќи во самите текстови препознале ма-

[4] Дефиницијата на класичната рецепција е: „начините на кои старогрчкиот и римскиот материјал е пренесен, преведен, изваден, интерпретиран, препишан, повторно замислен и претставен. Hardwick, Lorna and Stray, Christopher eds. (2007) 1.

[5] Фласелјер, Р. (2002) 238.

[6] Ковачева, Л. (2021) 107.

[7] (*Papyri Graecae Magicae - PGM),* Грчки магиски папируси, се серија на папируси од Старогрчко-Римски Египет, датирани од 100 г. пр. н.е. до 400 г. н.е., а така наречени од страна на научниците. Текстот содржи бројни магии, магиски формули, химни, ритуали, клетви, претскажувања и сл. Betz H. D. (1985) xii. Превод на македонски јазик на старогрчките магиски текстови пронајдени на папируси, види Грчки магиски папируси, книга I и II, Предговор, превод од старогрчки и белешки кон преводот, Д. Тошева, Магор, Скопје, 2019, 2020.

гии, химни и молитви. Според Фараон и Обинк,[8] бидејќи во текстовите имало и хомерски стихови, тогаш тие делумно би можеле да се изолираат како ритуални текстови на туѓи мистериозни култови присвоени од страна на маѓепсниците. Оттаму, повторно слободно можеме да упатиме на мнението на Лук, дека магијата уште од почетоците на историјата е погрешно протолкувана, непрепознаена и искривена туѓа религија од страна на некоја друга цивилизациска средина.[9]

Иако во пишаните извори концептот на магијата и маѓепсниците во старогрчкиот јазик најрано е забележан кај Хомер во еповите Илијада и Одисеја од VIII в. пр. н.е., како и во лирската поезија од VII и VI в. пр. н.е., сепак според Дики, овој концепт „мора да биде исклучен од разгледување, бидејќи магијата не е категорија на мисла која нè информира за размислите на авторите на овие дела.[10] Имагинативната старогрчка литература која во себе вклучува термини за магии и магиски дејствија и активности на одредени маѓепсници и вештерки, се забележува дури на почетокот на V в. пр. н.е., што не значи дека на територијата на Стара Грција немало магија и маѓепсници во VII и VI в. пр. н. е., туку истите во античките извори не биле класифицирани како такви.[11]

Како најрано и најважно, но според Огден[12] многу загадочно упатување на терминот маги во старогрчките пишани извори, се издвојува пасусот на Климент од Александрија (II в. н.е.), во кој се запрашал за кого Хераклит од Ефес (554-480 г. пр. н.е.) го направил тоа пророштво и вели: „Кои се оние на кои им претскажува Хераклит од Ефес: „оние ноќни лутачи (како што се) магите, бакхите (м. род), ленаите, мистите“, ним им се заканува со оние работи што ќе (им дојдат) по смртта, ним им го претскажува огнот, „бидејќи оние нешта што според луѓето се сметаат за тајни обреди (мистерии), ги посветуваат на безбожен начин.“[13]

И покрај одредени сомнежи за автентичноста на текстот,[14] се смета дека во овој случај текстот навистина му се припишува на Хераклит, за што упатува и Дики, но со тон, кој според него, се чини дека е непријателски настроен.[15] Трите поими „бакхи, ленаи и мисти“, според него, упатуваат на посветениците во орфичките мистерии, иако во голема мера му била нејасна улогата на богот Дионис кој бил празнуван и од страна на бакхите и од страна на ленаите. Поврзувањето на маѓепсниците, односно на терминот маги со овие термини, сугерира на тоа дека и за нив се сметало дека биле посветеници и дека претендирале на таинственото познание на терминот „ноќни лутачи“.

Согласно магиските дејствија кои биле преземани од страна на мажите и жените, кај Старите Грци се забележува различна терминолошка определба за видовите маѓепсници меѓу машкиот и женскиот пол. Поради малкуте пишани извори, доказите во класичниот период кои се однесуваат на идентитетот на маѓепсниците и маѓесничките варира во време и место, како во квантитет, така и во квалитет сè до V и IV в. пр. н.е. и тоа благодарение на зачуваната книжевност од овој период која изобилува со релативно добри информации за видовите маѓепсници и маѓеснички во Атина.[16] Кај Старите Грци, маѓепсникот при исползување на магиските активности вообичаено бил инспириран од различни средства, како на пр., толкување на симболиката на разни знаци, белези и соништа, вдишување на опојни гасови, земјени и водени испарувања, консумирање на разни билки, пиење вода од минерални извори итн. При самиот магиски чин, тој не само што изговарал магиски текстови, туку, исто така им се молел и на боговите, при што не сите зборови кои ги изговарал биле разбирливи.

Најраните религиозно магиски обреди кај Старите Грци, во кои учествувале хтонски машки маѓепсници, се тесно поврзани со шаманизмот,[17] „светот во кој сè изгледа можно, каде што мртвите се враќаат во живот, а живите умираат само за да живеат повторно.”[18] Шаман,[19] како термин не е

[8] Faraone, Ch. A., Obbink, D. (1991) 188.

[9] Luck, G. (2006) 86.

[10] Dickie, M. W. (2001) 5-6.

[11] Ковачева, Л. (2021) 108.

[12] Ogden, D.(2002), 16.

[13] Тошева, Д. (2020), 6-7.

[14] Ibid, 8.

[15] Dickie, M. W. (2001), 27.

[16] Ковачева, Л. (2021), 110.

[17] Шаманизмот е форма на религија чии исползувачи давале одговори на прашања и вршеле лекувачки и заштитни обреди по стапувањето во допир со духовниот свет. Таквиот контакт вообичаено бил воспоставуван при паѓање во состојба на транс од страна на шаманот, кој понекогаш бил предизвикан со помош на халуциногени лекови, насилни форми на вежби, какви што се танцувањето или консумирањето алкохол, како и преку соништата. Pinch, G. (2006) 51.

[18] Eliade, M. (1964) 511.

[19] Шаманите истовремено биле и свештеници и пророци и врачеви кои се занимавале со вражање - маѓепсување на живи суштества и мртви предмети (Шапкалиска, Т. (1989) 120), исцелување на болни, разговарање со душите на мртвите, претскажување на иднината и менување на времето. Техниката на шаманите на самоволно влегување во изменетата состојба

потврден во старогрчката литература и најчесто се поврзува со ликовите на маѓепсниците во Питагорејската и Орфичката традиција.[20] Тие биле установени во раниот класичен период, иако нивното присуство на територијата на Стара Грција се смета за многу постаро, најверојатно за време на архајскиот период.[21] Налик на Тунгуските шамани кои имале способност во екстатичен транс да ја одвојат својата душа од телото, која потем заминувала во светот на мртвите и зборувала со боговите на нивниот јазик со цел да дознаат на кој начин да ги лекуваат болните и потем се враќала назад во неподвижното тело во светот на живите,[22] така и старогрчките шамани се карактеризирале со можност за манипулирање со своите сопствени души.

Бројни митолошки и литературни теми се повторуваат во претставите на шаманите и нивните способности за привремено одвојување на нивната душа од нивните тела и заминување на душата во светот на мртвите, налик на привремена смрт, т.е. застанување на животот, реинкарнација и сл. и тоа преку прикази на нивното повлекување во подземни комори, каде доживувале симболична смрт и повторно се враќале во светот на живите, но со просветлување. За најпознат шаман во старогрчката митологија и литература бил сметан митскиот лик Орфеј, кој, налик на шаманистичкото спиритуално искуство ја доживеал смртта и оживеал преку неговото распаѓање,[23] митска сцена со која се потенцира врската меѓу Орфиците и Питагорејците со шаманизмот.[24]

Како пример на шамански пракси се издвојува текстот на Хермип од Смирна,[25] кој творел во III в. пр. н.е. За него, во III в. н.е. ни говори Диоген Лаертиј кој вели: „А Хермип има уште нешто да каже за Питагора. Бидејќи тој раскажувал дека кога бил во Италската земја направил мала комора под земја и ѝ рекол на мајка си да запише на плочка сè што се случувало, забележувајќи го времето во кое се одвивале работите и да му ги праќа сè додека не излезе горе. Тоа го сторила неговата мајка. По некое време, Питагора се појавил горе, ослабен и како скелет. Тој влегол во собранието и тврдел дека дошол од Адот и им прочитал на луѓето сè што се случило. Тие биле збунети од неговите зборови и плачеле и лелекале. Верувале дека тој е божествен, па дури и му ги предале своите жени, мислејќи дека ќе научат нешто од него. Тие станале познати како Питагорејци. Ова е она што го вели Хермип.“[26] Овој текст јасно прикажува еден рационален приказ на шаманска пракса на спуштање во подземни комори, кој на симболичен начин ја претставува смртта, потем просветлувањето и на крај, враќањето во животот.

Благодарение на серијата важни текстови од класичниот период, дознаваме за различни професии кај Старите Грци поврзани со мажите кои се бавеле со магиски дејности: *epodos* - оној што пее над некого со цел да го излекува; *goes* - врач; *mago*s - маѓепсник; *pharmakeus* - оној кој лекува со билки; *agurtês* - просјак свештеник, првично, конкретно на Кибела, кој според Огден можеби носел и некои ориентални конотации, потоа *mantis* - гатач, (орфички) посветеник и *alazones,* скитници-шарлатани. Се забележува и употребата на евокатори, т.е. повикувачи на духови, *psuchagôgoi,* во буквален превод „возачи на душите“,[27] како и терминот вентрилоквизам.[28]

Жените биле нарекувани: *pharmakides* (ед. *pharmakis*) или *pharmakeutriai* (ед. *pharmakeutria*) и помалку од вообичаеното *goetides* (ед. *goetis*), додека при нивно одбележување наместа се забележува и употребата на машките форми *goetes* и *magoi*.29 Забелешките и алузиите во книжевноста кон мажите и жените кои се бавеле со овие дејности е дека биле „непријателски“ настроени и ним им се припишуваат прочистувањата, правењето на „врзани“ магии, манипулации со душите, употребата на инкантации и др.[30]

Сите овие термини укажуваат на лица кои се бавеле со различни магиски дејства, специјалисти во својата област. Терминот *epodos*, во буквална смисла на зборот, значи „оној кој пее над” нешто или некого со цел да излекува. Во овој процес на оздравување, кој се постигнувал со директен контакт меѓу исцелителите и пациентите, не се користеле магиски ефекти, додека најголемо директно влијание врз оздравувањето на пациентите имало

на свеста, т.н. паѓање во транс, доколку се потпира на светот на духовите, во себе вклучува одредено повикување на трансцендентното, со цел помош при лекување, егзорцизам или пак потрага по изгубени души. Лекувањето било особено распространето кај шаманите, па оттаму Џ. Халифакс го опишува шаманот како „излекуван исцелител”, т.е. како некој кој поминал преку длабока болест и се исцелил, па оттаму му е дадена моќ да ги лекува другите. Halifax, J. (1979) 18.

[20] Диоген Лаертиј (2004) 8.41.

[21] Ogden, D. (2002) 9.

[22] Џемс Е. О. (1961) 76-77.

[23] Casadiegos Y. P. (2012) 2-3, 44.

[24] Burkert, W. (1972) 9, 133, 163, 165.

[25] Hermippus of Smyrna, FGH 1026 F24.

[26] Диоген Лаертиј (2004) 8.41.

[27] Ogden, D. (2002) 12-26.

[28] Ogden, D. (2002) 30-31; Dickie, M. W. (2001), 41.

[29] Dickie, M. W. (2001), 12-14.

[30] Ковачева, Л. (2021), 113.

пеењето, т.е. инкантацијата. Оттаму, *epodos* не бил маѓепсник, туку лице исцелител, специјализиран да им пее на други луѓе кои имале било каква физичка болка, со намера да ги излекува болните места, да ги намали болките или страдањата на пациентите. За разлика од *epodos* кои пациентите ги исцелувале со помош на пеење, *pharmakeis* и *pharmakides* своите активности не ги ограничувале само на исцелување со помош на лекови и отрови (*pharmaka*), туку и на исцелување со сечење корења (*rhizotomia*).[31] Именувањето доаѓа од *pharmakon,* билка која се користела како лек или како отров, па поради тоа се употребувала и во магиските обреди.[32]

Во однос на терминот *goetes,* врачеви, првично ги сметале за шамани кои во екстатична состојба ги пренесувале душите на мртвите на нивното последно патување на „оној" свет.[33] Употребата на терминот „вентрилоквист" и неговата дејност вентрилоквизам, во старогрчката книжевност упатува на личност во чиј стомак живее дух или демон кој зборува преку неговата уста[34] и нема никаква конекција со денешното модерно значење на забавувач кој го испушта својот глас преку злокобна кукла. Се смета дека оваа техника Старите Грци ја научиле од Истокот, поточно од Месопотамија, што упатува на можноста лицата кои тврделе дека се маги да ја донеле со себе. Најраното посочување на вентрилоквист во Стара Грција е датирано од 420 год., како претскажувачка техника спроведувана од страна на Еврикле во Атина. Имено, тој имал намера да ги натера луѓето да веруваат дека пророчките искази коишто ги слушнале, произлегле од стомакот на другите.[35]

Луѓето кои се бавеле со маѓепсништва, многу често знаеле заедно да практикуваат повеќе сродни магиски дејства. Оние лица кои се претставувале како стручни во еден или друг вид магиска под-специјалност, биле познати под општиот термин мантис. Тука не постоеле многу строги линии на разграничување и покрај тоа што практикувале сродни магиски дејства.[36] Старогрчката литература изобилува со примери на лица кои практикувале повеќе сродни магиски дејства. Како типичен пример на маги, *agurtês* - просјак свештеник и мантис, претскажувач, е ликот на Тиресиј во Ојдип Тиранин кај Софокле. Иако Тиресиј бил почитуван како вистински пророк, тој сепак, под притисок и злоупотребен од страна на Ојдип, станува измамник и шарлатан без вистинска моќ. Мотивиран од личен интерес и финансиски профит, тврдел дека ги знае тајните извори на знаењето, но ги разбирал многу помалку од вообичаена интелигентна личност.[37]

Иако во архајскиот и класичниот период биле многу ценети, поради појавата на големата бројност на маѓепсници на територијата на Стара Грција за време на хеленистичкиот период, меѓу кои имало и голем број на „лажни", дошло до нивна деградација и недоверба меѓу населението. Типичен пример на лажни гатачи и маѓепсници измамници и шарлатани, кои биле водени од профит, а не од вистината, вештината и знаењето, е токму описот кој е многу добро даден кај Софокле во Ојдип Тиранин.

Осудата на „квази" вештините на овие маѓепсници измамници и шарлатани се забележува кај Хипократ, каде во неговото дело За таинствените болести, ни го дава описот на разните видови маѓепсници и нивните дејствија од старогрчкиот свет. Во полемичкиот предговор, авторот составил серија атрибути за неговите ривали, маѓепсниците, во лекувањето на епилепсијата и вели: Тие се маѓепсници; просјаци-свештеници; се подлегнати на иницијација; Шарлатанство; Корумпираност; Аморалност; Прочистување; Принуда над боговите; Одбивност од духови; Инкантација; Ле-

[31] Dickie, M. W. (2001), 14.

[32] Тошева, Д. (2020) 17.

[33] Оваа хипотеза се должи на етимолошката врска помеѓу именката од машки род *goes и глаголот goao, кој значи плачам, оплакувам и goan, „да се испушти крик на жалост над мртвите". Бидејќи глаголот goan и неговите сродници особено се користат за да означат жалосен плач, наједноставното објаснување е дека маѓепсниците биле наречени goetes поради плачот и извиците со кои ги повикувале мртвите, како главни карактеристики во кои се забележува силен елемент на жалење. Dickie, M. W. (2001), 12-13.*

[34] Ogden, D. (2002) 30-31.

[35] Dickie, M. W. (2001), 41.

[36] На пр., создателите на илузии или врачари, на ст. гр. познати како *thaumatopoio (thaumatourgoi), чудотворци и planoi - талкачи, во голема мера не се разликувале од goetes. Од етимолошки аспект, зборот thauma претставува чудесен настан и многу често се објаснува со повикување на натприроден агенс. Thaumatopoios буквално се преведува како „чудотворец". Thaumatopoiia опфаќа не само трикови, туку и жонглирање, акробатика и марионетски претстави. Зборот thauma во Новиот завет се користи за означување чудо. Dickie, M. W. (2001), 15. Додека, пак, именката planos е изведена од глагол што значи активност да предизвикаш талкање, да заталкаш и во неговата непреодна форма „да талкаш", па оттаму, според Дики, поради асоцијациите на коренот со талкањето од место до место, зборот не само што има значење на измамник, туку и на скитник Dickie, M. W. (2001), 73.*

[37] Софокле, Ојдип Тиранин, *380–403.*

ковита магија; Цртање на месечината и астрономска контрола; Заштита од магијата на другите.[38]

Хипократ гласно се спротивставувал на сите оние кои тврделе дека со помош на магиски дејства можат сè да сторат, па дури и да лекуваат. Тој во своето дело вели: „Мислам, дека првите луѓе што ја претставија оваа болест [епилепсија], како „света“, беа луѓе како оние кои сега се маги и прочистувачи и просјаци-свештеници и скитници-шарлатани. Овие луѓе тврдат дека се крајно почитувани од боговите и дека знаат нешто повеќе од нас останатите. Тие го користат божественото за да се сокријат себе си и да го прикријат фактот дека немаат што да применат на болеста и да донесат оздравување. За нивното незнаење да не стане очигледно, тие го промовираат верувањето дека оваа болест е света. Па додадоа дополнителни соодветни аргументи за нивниот метод на лекување за да го направат безбеден за нив. Применуваа прочистување и инкантации и им порачуваа на луѓето да се воздржат од капење и многу несоодветна храна за болните.“[39]

Во текстот следи забрана на консумирање на видови риби, зеленчук, живина, месо од коза, дивеч, свинско „и куче (бидејќи ова е месото што најмногу го вознемирува стомакот).“[40] Наведува дека оделе дотаму што: „Тие исто така забранија носење црна наметка (бидејќи црно е смртоносно), лежење на или носење козја кожа, ставање нога врз нога или рака под рака (зашто ова е окованост).“[41] Хипократ понатаму продолжува дека тие болеста ја направиле света, т.е. од божествена природа и дека, доколку болниот оздравее, тие ќе се стекнат со добра репутација, но доколку умре, ќе имаат изговор дека не се одговорни тие, туку боговите [42]

Атрибутите на маѓепсникот на Платон во неговиот „амалгам“ во Државата,[43] се неверојатно слични на оние кај Хипократ: „Свештениците и пророците одат пред вратите на богатите и ги убедуваат дека имаат моќ, стекната од боговите со жртвувања и инкантации, со задоволство и свечено да го излекуваат секое зло кое му го сториле на човекот или на неговите предци и дека ќе му наштетат на непријателот, праведен или неправеден човек, за мал надомест, ако човекот го посака тоа, бидејќи тие ги убедуваат боговите, како што велат, да им служат, со одредени маѓепсништва и врзувања. И тие ги доведуваат поетите како сведоци на сите овие тврдења.“ Негативните слики на маѓепсниците Платон ги изградил на еден алузивен начин и ги претставил во својот т.н. „амалгам“ на маѓепсници, сумирани во следните категории: маѓепсници; просјаци-свештеници; Тие се уведени, т.е. иницирани во мистерии; нудат иницијација во мистериите; се користат со орфички книги; убедливи се, но шарлатани; потоа корумпираност; Аморалност; Маѓепсување; Прочистување на поединци и градови; Принуда над боговите; Евокација, т.е. повикување духови; Врзувачки магии; Инкантации; Молитва и жртва; Пророштво.[44]

Несомнен е фактот дека празноверието и вербата во зборот на маѓепсниците имале големо влијание врз секојдневниот живот на луѓето од Стара Грција и дека претставувало еден вид правила и забрани кои тие ги применувале како нужни и во спротивно, доколку не ги исполнеле, кај нив останувал стравот дека во времето кое им претстои нешто лошо ќе им се случи ним, на нивните семејства и воопшто, на заедницата во која што живееле.

### Маѓепсниците во македонската народна традиција

Како кај Старите Грци и во македонската народна традиција се забележуваат мажи и жени кои се бавеле, а и денес се бават со магиски дејности, но видоизменети и прилагодливи на денешните современи контексти, за што сведочат бројните бајачи и гатачи.[45] Согласно восприемањето на магијата како добра/лоша, законска/незаконска итн., во македонската народна традиција се издвојуваат следните типови на магија: црна, бела, имитативна, профилактичка, љубовна итн. Се издвојува и ширум распространетото верување во „зли очи“ кај македонскиот народ, дека, доколку некој со „зли очи“ погледне некој човек, животно, растение, па дури и мртов предмет, тогаш мора да му се случи некое зло. Во македонската народна традиција застапени се и говорно-јазичните магии, како на пр. во баење, басни, врачање, егзорцизам, како и оние чија употреба и денес се забележува во секојдневниот живот на луѓето, како на пр. благослови, клетви (проколнување, колнење) и др.

---

[38] Hippocrates, *On the Sacred Disease, 1.10–46.*

[39] Ibid*, 1.10–13.*

[40] Ibid, 1.10–14.

[41] Ibid, 1.17-19.

[42] Ibid, 1.17-46.

[43] Платон, Политеја 364b–e.

[44] Ogden, D. (2002), 21.

[45] Мицковска Христина, Македонците наместо на доктор и психијатар, посетуваат гатачи и бајачи.

БезПардон.Мк“ http://www.bezpardon.mk/makedontsite-namesto-na-doktor-i-psihijatar-posetuvaat-gatachi-i-bajachi/ Без Пардон | 17:29, 30 Мај 2012

Вообичаено, во македонската народна традиција улогата на маѓепсници ја имале постарите жени и многу поретко мажите. Правењето магии, добри или лоши, претставува тајна, која тие никогаш не ја откривале, бидејќи сметале дека на тој начин ќе ја изгубат стекнатата моќ, или ќе умрат. Жените маѓеснички правеле најразлични магии и тоа: позитивна, добра, т.н. бела магија со која на помош ги повикувале добрите духови, т.е. небесните сили и негативна или лоша, т.н. црна магија со која на помош ги повикувале злите духови, т.е. земјените сили. Маѓесничките кои правеле црни магии не биле омилени меѓу населението,46 додека за најпочитувани се сметале Богобојните жени кои преку состојба на сон, халуцинации и визии можеле да комуницираат со светците, т.е. со „оној" свет, со цел пронаоѓање лек и исцелување на болниот, па оттаму, поради големата почит од населението, биле нарекувани Светици.[47]

Иако видоизменети и денес во македонската народна традиција се забележуваат магиски дејности исползувани од страна на мажите и жените, специјалисти во својата област, кои во голема мера соодветствуваат со магиските пракси кои се употребувале на територијата на Стара Грција.

Како пример од Стара Грција се издвојува *epodos*, термин кој во буквална смисла на зборот значи „оној кој пее над" нешто или некого, чија цел е без магиски ефекти, само со пеење, т.е. инкантацијата да ги излекува болните места, да ги намали болките или страдањата на пациентите. Оттаму, *epodos* не бил маѓепсник, туку лице исцелител и во голема мера соодветствува со бајач*48* во македонската народна традиција. Бајач е лице кое е исто така исцелител, но кој не се служи со пеење како *epodos* кај Старите Грци, туку со магиски говорни формули кои ги кажува со шепотење со тивок и мирен глас, преку еднолично изговарање на таинствени разбирливи и неразбирливи зборови изговорени против злите сили и болести, кај балканските народи познати под името басми.[49]

Како друг пример се издвојува *goes*-врач кај Старите Грци и вражач во македонската народна традиција, кој се бави со вражање, т.е. маѓепсување на живи суштества и мртви предмети. Налик на *goes*-врач кај Старите Грци кои биле „непријателски" настроени и правеле „врзани" магии, манипулации со душите и др., така и во македонската народна традиција вражачот се бави со вражји (ѓаволски) работи кои дејствуваат под одредени услови кои често се неостварливи, па оттаму е и оправдувањето на неуспехот на вражањето. Бидејќи дејноста се нарекува вражање, вражба, лицата кои ги се занимаваат со истата се нарекуваат: вражалка, вражалица, вражач, *вражалец* итн. Денес вражањето е присутно во една модерна и мошне актуелна форма на разонода и забава, какви што се гледање на кафе, карти, гравче, дланка итн.[50]

Поистоветување се забележува и кај мантис-гатач кај Старите Грци, кој во голема мера наликува на гаталец, гатач, гатачка во македонската народна традиција. Имено, тие се лица кои со помош на гатање ги откриваат настаните од минатото и ги претскажуваат настаните кои ќе се случат во блиска или далечна иднина, како на пр.: среќна или кобна иднина, болест, гибел, поплави, пожари, суши, војни итн. Се гатало и со помош на коски, грав, пепел, оган, вода, растопено олово, гледање на дланка, сито, решето, огледало итн. Најраспространети биле гаснење на јагленчиња и гледање во кобилица од кокошка и плешки од јагне или прасе.[51]

Верувањето во моќта на магијата и маѓепсниците кај примитивните народи било основно, согласно верувањата дека болеста и смртта се дела на непознато битие кое ги придвижило темните и зли сили и кои можат да се отстранат единствено со помош на магиски дејства, верувања, кои иако видоизменети и денес можат да се забележат во верувањата кај дел од современиот народ. Целта, како во минатото, така и денес, е иста: отстранување на незадоволството од својата земска судбина и несигурноста во сопствените сили, осознавање на иднината и барање спас од некоја болест или пак сиромаштија.

---

[46] Не требало многу за некоја жена да биде обвинета за маѓесничка, на пр. во Гевгелиско, за маѓесничка била обвинета жена која во ноќните часови поминала низ дворот на една куќа во која во тоа време имало леунка. Ковачева, Л., Боцева, Л. (2014) 204.

[47] Витанова-Рингачева, А. (2019) 157.

[48] Баењето е вид профилактичка магија чија цел е заштита од болести, зла и несреќи. Претставува архаичен остаток на народната магиска медицина, вид таинствено дејство потпомогнато со употреба на магиски говорни формули и предмети, наменето против зли сили и болести. Шапкалиска, Т. (1989) 119.

[49] Zlatanoviċ, M. (1989) 65.

[50] Ковачева, Л., Боцева, Л. (2014) 95-96.

[51] На пр. во село Порече, се забележува претскажување на смрт преку набљудување на кокошкина кобилица, при што откако ќе се отстранат деловите од месото, се набљудуваат дамките на коската. Доколку дамките на коската се бели, тогаш ништо лошо нема да се случи, а ако дамките на коската се црвени, тогаш настапува стравот од смрт на некој од семејството. Обрембски, Ј. (2001) 113.

**Заклучок**

Слободно можеме да заклучиме дека старогрчките магиски традиции не биле изолирани, туку се развивале под влијание на магиските пракси на соседните култури, бабилонските, персиските и египетските, при што, овој синкретизам довел до прием и адаптација на туѓи магиски елементи во старогрчката култура. Иако перцепцијата и третманот на маги во старогрчкото општество еволуирале со текот на времето, сепак, некои магиски пракси биле интегрирани и толерирани во религиозните и философските традиции, додека пак, други, биле потиснати, особено во периодите на религиозните реформи и философскиот рационализам.

Магискиот свет кај Старите Грци не бил еднообразен во верувањата и практиките, а палетата на различни видови маѓепсници и маѓеснички варирала од регион до регион, во различните културни и временски периоди. Традициите и практиките поврзани со овие поединци се разновидни, ја рефлектираат сложената палета на старогрчката култура и продуховеност и го отвораат прозорецот кон нивниот начин на живеење. Оваа сложена интеракција на традицијата и рецепцијата обезбедува вредни увиди во историјата на магискиот свет на човекот, народните верувања и суеверија во старогрчката народна традиција, поврзани со магиските дејства на маѓепсниците и маѓесничките и нивните обиди да се искористат натприродните сили за различни цели. Како што истакнал Јановиц,[52] магијата не е лоша затоа што е измама, туку е опасна бидејќи делува и во очите на античките извори таа давала вистински резултати.

[52] Janowitz, N. (2001) 3.

**Користена литература**:


Betz, H. D. (1985), *The Greek Magical Papyri in translation*, University of Chicago Press, Chicago.

Burkert, W. (1972), *Lore and Science in Ancient Pytagorenism*, Harvard University Press, Cambridge.

Витанова-Рингачева, А. (2019) Шаманизмот во македонската народна традиција, Македоника Литера, Скопје.

Dickie, M. W. (2001), *Magic and Magicians in the Greco-Roman World*, Routlege, London & New York.

Диоген Лаертиј (2004). Животите и мислењата на славните философи, Азбуки, Скопје.

Eliade, M. (1964), Shamanism: *Archaic Techniques of Ecstasy*, Bollingen Foundation, New York.

Zlatanoviċ, M. (1989), „*Basma i bajanje danas*", Списание на институтот за фолклор „Марко Цепенков" - Скопје, год. XXII, бр. 44, Македонски фолклор, Скопје.

Janowitz, N. (2001), *Magic in the Roman World: Pagans Jews, and Christians, Religion in the First Christian Centuries*, Routledge, London.

Kasak, E., Veede, R. (2001), *Understanding Planets in Ancient Mesopotamia*, Folklore Vol.16, Folk Belief and Media Group of ELM, Tartu.

Ковачева, Л. Боцева. Л. (2014), Речник на македонските народни празници, обичаи и верувања, Центар за духовно и културно наследство, Скопје.

Ковачева, Л. (2021), Магиите кај древните народи и во македонската народна традиција, Панили, Скопје.

Levi, E. (1922), *The History of Magic*, Translated into English by occult historian Arthur E. Waite, William Rider & Son, Limited, London.

Luck, G. (2006), *Arcana Mundi, Magic and the Ocult in the Greek and Roman Worlds*, The Johns Hopkins University Press, Baltimore.

Ogden, D. (2001), *Greek and Roman Necromancy*, Princeton University Press, Princeton and Oxford.

Ogden, D. (2002), *Magic, Witchcraft, and Ghosts in the Greek and Roman worlds*, Oxford University Press, Oxford.

Pinch, G. (2006), *Magic in Ancient Egypt*, British Museum Press, London.

Платон (2002), Политеја, Превод од старогрчки, предговор, коментар и белешки, Елена Колева, Три, Скопје.

Софокле (1991), Ојдип Тиранин, Предговор од старогрчки, Д. Чадиковска, Мисла, Скопје.

Faraone, Ch. A., Obbink, D. (1991), *Prayer in Magic and Religious Ritual,* Magica Hiera, Ancient Greek Macik & Religion, Oxford University Press, Oxford.

Фласелјер, Р. (2002), Грција во времето на Перикле, Мисла, Скопје.

Грчки магиски папируси, Превод на македонски јазик на старогрчките магиски текстови пронајдени на папируси, книга I и II, Предговор, превод од старогрчки и белешки кон преводот Д. Тошева, Д., Магор, Скопје, 2019) (2020).

Halifax, J. (1979), *Shamanic Voices*, E.P. Dutton, New York.

Hardwick, Lorna and Stray, Christopher eds. (2007), *A Companion to Classical Receptions.* Oxford, UK: Wiley –Blackwell Publishing, Oxford.

Hippocrates, *On the Sacred Disease*, Translated by Francis Adams, достапно на: http://classics.mit.edu/Hippocrates/sacred.html (Посетено на: 15.09.2023)

Casadiegos, Y. P. (2012), *Orpheus or the Soteriological Reform of the Dionysian Mysteries*, American Journal of Sociological Research, 2(3). DOI: 10.5923/j.sociology.20120203.02.

Cumont, F. (1911), *The Oriental Religions in Roman Paganism*, The Open Court Publishing Company, Chicago.

Џемс, Е. О. (1961), Упоредна религија: Увод и историско проучавање религије, Матица Српска, Београд.

Шапкалиска, Т. (1989), „Некои форми на врачење и баење од Кратово и Кратовско", Списание на институтот за фолклор „Марко Цепенков" - Скопје, год. XXII, бр. 44, Македонски Фолклор, Скопје.

Lidija KOVACHEVA

# MAGICIANS IN ANCIENT GREECE: FROM TRADITION TO RECEPTION IN MACEDONIAN FOLCK TRADITION

*Summary*

We can certainly conclude that ancient Greece's magic traditions have not been an isolated case, but they have evolved under the influence of magical practices of neighboring cultures, such as Babylonian, Persian and Egyptian, whereas this syncretism lead to acceptance and adoption of foreign magical elements in ancient Greece's culture. Although the perception and treatment of *Magi (Magoi)* in ancient Greek society have evolved during the years, there are still some magical practices that have been integrated and tolerated in the religious and philosophical tradition on one hand, while others have been suppressed on the other hand, especially in the periods of religious reforms and philosophy rationalism.

The magical world of the Ancient Greeks was not uniformed in terms of beliefs and practices, while the number of different types of magicians (men and women) varied from region to region, depending on different cultural and time periods. The traditions and practices related to these individuals are different, reflecting the complex variety of ancient Greek culture and spirituality, and provide a glance into their lifestyle. Such complex interaction of tradition and reception provides valuable insight into the history of the magical world of the humanity, folk's beliefs and superstitions in Ancient Greek folk's tradition, as regards to magical actions of magicians and their attempts to use natural powers for different purposes. As Janowitz said,[1] magic was not evil, because it was a deception, but it was dangerous, because it worked and provided the right results from ancient point of view.

---

[1] Janowitz, N. (2001) 3.